КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА:

# „ Правните лекови во постапките за упис во трговскиот регистар во корелација со правната заштита предвидена во Законот за трговските друштва и другите закони “

**Организирано од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во соработка со Комисија за хартии од вредност на РСМ и Стопанска комора на РСМ**

**11 ноември 2020 година**
**Хотел Мериот, сала 1-Скопје**

Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Советувањето е наменето за судии од граѓански оддели и стручни соработници од сите апелациони подрачја, како и за судии од Управниот суд и Вишиот управен суд

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛ НА СОВЕТУВАЊЕТО

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

Создавањето на општа клима дека се почитуваат законите, односно дека законите се јасни и прецизни и дека судиите и другите институции спроведувачи на законите се доволно обучени да ги толкуваат и применуваат законите е многу важно за економскиот амбинет во земјата, привлекувањето на нови инвеститори и севкупно за општествено економскиот напредок на земјата. Преку применувањето на законите во праксата, најдобро се проценува и степенот на воспоставената правна сигурност.

Во изминатиот период воочена е ситуација која доведува до нарушување на правната сигурност во областа на пазарот на капитал во делот на работењето на акционерските друштва, издавањето на нови хартии од вредност, задирање во сопственоста на сопствениците/вложувачите во хартии од вредност и во генерална смисла нарушување на довербата во пазарот на хартии од вредност, како и до правна несигурност во деловното работење на компаниите.

Имено, станува збор за некои (неповолни) аспекти на воспоставена пракса на поништување на уписи во Централниот Регистар на РСМ по жалби на субјекти за кои е дискутабилно дали можат да бидат правно легитимирани за тоа. Ова прашање станува покомплексно ако притоа се анализира регулативата која ги пропишува правните лекови во постапките за упис во трговскиот регистар во корелација со правната заштита предвидена со Законот за трговските друштва и другите (посебните) закони во кои се уредуваат посебните управни постапки во кои се носат конкретни правни акти кои потоа се дел од постапките за упис поведени пред Централниот Регистар на РСМ. Воочената ситуација, обврзува од спроведување на стручно советување и расправа на оваа тема, на која засегнатите страни ќе ги дискутираат сите правни аспекти и присутни дилеми со цел да не се дозволи регулативата и праксата да ја подјадуваат правната сигурност во деловното работење, пред се на акционерските друштва како највисока форма на компаниско делување и тоа спротивно на принципот на пропорционалност.

## МАТЕРИЈАЛИ

Презентации на излагачите поврзани со темата на советувањето
Релевантна легислатива:

- Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица;
- Закон за трговските друштва;
- Законот за хартии од вредност и
- Законот за општата управна постапка.

Дел од наведените документи може да ги најдете на следниот линк www.jpacademy.gov.mk

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО

**Хотел Мериот, сала 1, Скопје**

**Напомена:**

На советувањето заради почитување на протоколите за заштита на здравјето и за спречување на ширење на вирусот COVID 19, учесниците задолжително треба да

носат заштитна маска и да се придржуваат до сите превентивни заштитни мерки одредени од организаторот

## ИЗЛАГАЧИ

**д-р Марко Андонов**, редовен професор и декан на Факултет за правни науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје
**г-а Наташа Савовска Димитровска,** судија на Апелационен суд Скопје
**г. Мате Стојановски,** главен правен советник, Комисија за хартии од вред*ност*

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕТО

м-р Соња Мојсовска, помлад соработник во Одделение за континуирана обука
Sonja.Mojsovska@jpacademy.gov.mk

**Протоколи кои произлегуваат од Планот за намалување на рестриктивните мерки за да се спречи ширењето на коронавирусот**

Протокол за организација на работни состаноци, обуки, курсеви и семинари:

1. Времетраењето се ограничува на најмногу 6 часа, со задолжителна пауза на секои 2 часа.
2. Пред состанокот, учесниците треба да бидат информирани дека доколку имаат респираторни симптоми (треска, кашлица, проблеми при дишењето), се препорачува да не присуствуваат.
3. Бројот на учесници е ограничен според просторот со цел да се обезбеди задолжително физичко растојание на учесниците од 1,5-2 m, но не повеќе од 30 лица.
4. Организаторите, предавачите и учесниците задолжително да носат заштитни маски.
5. Задолжително е во просторијата да се обезбеди средство за дезинфекција на рацете.

6. Внимавајте на општите мерки за повисоко ниво на лична и општа хигиена (често миење на рацете или употреба на средство за дезинфекција на раце на база на алкохол).
7. Просторијата треба почесто да се проветрува, по можност за време на настанот и задолжително за време на паузите.
8. За време на паузите, забрането е групирање на присутните учесници.
9. После настанот, подот на просторијата да се исчисти и дезинфицира со средство што делува на вируси според упатствата од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер1:100) или 70 % алкохол за дезинфекција на горните површини.
10. Во просторијата да се обезбеди канта за отпадоци со капак.

## ПРОГРАМА

**11 ноември 2020 (среда)**

**09:45-10:00** Пристигнување и регистрација на учесниците

**10:00-11:00** (I) Законот за трговските друштва – осврт на заедничките одредби за трговскиот регистар и постапката за упис (стварна надлежност, постапка за упис, пријава за поведување на постапка, испитување на пријавата;

- Осврт на акционерските друштва – како форма на трговско друштво; Основање – Акционери; Акции и права; Органи на управување на АД – тво; Собрание на АД – тво, надлежност и одлуки;
- Тужба за утврдување на ништовност на упис – правен интерес?
- Ништовност и побивање на одлуката на Собранието;
- Привремена мерка – запирање од извршување на одлуката;

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Република Северна Македонија**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

**11:00-11:30** Кафе пауза

**11:30-12:30** (II) Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со осврт на:

- Централен регистар - водење на трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица - заеднички одредби;
- Регистратор – поим , овластувања и обврски на регистраторот;
- Податоци што се запишуваат; Постапка за упис во регистар; Поведување на постапката; Подносител на пријавата; Поднесување на пријавата; Разгледување на пријава; Решение за упис;
- Право на жалба и надлежност за решавање по жалба;
- Примена на закон и судска заштита (ЗОУП и Закон за управните спорови);

**12:30-12:45** Кафе пауза

**12:45-13:30** (I) Хартиите од вредност и пазарот на капитал во Република Северна Македонија - вовед и карактеристики:

- Осврт на релевантна регулатива: Закон за хартии од вредност, Закон за преземање на акционерски друштва, Закон за инвестицски фондови, Закон за девизно работење - посебни управни постапки;
- Акционерски (инвеститорски) права;
- КХВ – стварна надлежност, овластување за вклучување на постапка пред суд;

**13:30-14:15** (II) Отворени прашања поврзани со правната заштита во управна и судска постапка:

- Активна легитимација за правна заштита во посебна управна постапка, преку постапката за упис во Централниот регистар до Управен суд;
- Странечката легитимација – дали се утврдува во жалбените постапки при оспорувањето на упис? Дали и кога не се решава за права, правни интереси или обврски (неовластено) се остварува правото на жалба?
- Правна неизвесност и правна несигурност од воспоставена пракса во постапките кои се водат во Централниот регистар и во Комисијата за жалби наспроти континуитетот во деловното работење на компаниите;
- Поништувањето на упис во управна постапка – правни последици, враќање во првобитна состојба?

- Вкрстување (испреплетување) на правна заштита во управна и во судска постапка со осврт на активната легитимација на странка во постапката и нејзиниот правен интерес

**14:15-14:30** Отворена дискусија, заклучни согледувања

***Д-р Марко Андонов,*** *редовен професор и декан на Факултет за правни науки, Универзитет Американ Колеџ Скопје*
***г-а Наташа Савовска Димитровска,*** *судија на Апелационен суд Скопје*
***Г. Мате, Стојановски****, главен правен советник, Комисија за хартии од вредност*